Анаис Нин

Шпион во куќата на љубовта

ikona

Детекторот за лаги спиеше кога го слушна ѕвонењето на телефонот.

Во првиот момент поверува дека тоа е часовникот наместен за да го разбуди, но тогаш откако потполно се разбуди тој се сети на својата професија.

Гласот којшто го слушна беше рапав, како намерно преправен. Не можеше да распознае што го беше променило: алкохол, дрога, вознемиреност или страв.

Беше тоа женски глас; но можеше да биде и адолесцент којшто имитира жена, или пак жена која имитира адолесцент.

„Што е тоа?“, запраша тој. „Ало. Ало. Ало“.

„Морам да зборувам со некого; Јас не можам да спијам. Морам да се јавам некому“.

„Имаш нешто да признаеш...“

„Да признаам?“, гласот одекна звучејќи неверојатно; но сега со тоналитет во опаѓање, тоналитет кој звучеше непогрешливо женски.

„Зарем не знаеш кој сум јас?“

„Не, свртев на слепо. Ова сум го правела и порано. Убаво е да се слушне глас среде ноќ, тоа е сè“.

„Зошто странец? Си можела да повикаш и пријател“.

„Странецот не поставува прашања“.

„Но, мојата професија е да поставувам прашања“.

„Кој си ти?“

„Детекторот за лаги“.

По неговите зборови настана подолг молк. Детек-

торот за лаги очекуваше таа да ја прекине врската. Но тој преку слушалката ја слушна како кашла.

„Сè уште ли си тука?“

„Да“.

„Си помислив дека ќе ја прекинеш врската“.

Се слушна смеа, лесна, како ѕвезден прав, „Но ти не ја обавуваш твојата професија преку телефон!“

„Вистина е. Сепак немаше да ме повикаш ако беше невина. Вината е еден товар којшто човечките суштества не можат да го поднесат сами. Веднаш откако злосторот е веќе направен, се прави телефонско јавување, или пак тоа им се признава на странци“.

„Немаше злосторство“.

„Постои само едно олеснување: да признаеш, да бидеш фатен, обвинет, казнет. Тоа е идеалот на секое злосторство. Но, не е толку едноставно. Само половина од личноста бара покајување, со цел да се ослободи од тежината на вината. Другата половина сака да продолжи слободно. Само половина од оние коишто се предаваат, извикуваат „фатете ме“, додека другата половина создава пречки, потешкотии; бара начин да побегне. Тоа е кокетирање со правдата. Ако правдата е итра, таа ќе дојде до решението со помош на злосторникот. Ако не е, злосторникот ќе се погрижи за своето сопствено покајување“.

„Дали е тоа полошо?“

„Јас така мислам. Мислам дека ние сме многу построги судии за нашите сопствени дела отколку професионалните судии. Ние судиме за нашите мисли, намери, нашите скриени клетви, скриени омрази, а не само за нашите дела“.

Таа ја прекина врската.

„Детекторот за лаги ѝ се јави на централата, и на-

реди повикот да се следи. Тој доаѓаше од барот. Половина час подоцна тој седеше таму.

Тој не им дозволи на неговите очи да лутаат или испитуваат. Сакаше неговите уши сами да се начулат, па така можеби ќе успее да го препознае гласот.

Кога си порача пијалак, тој го крена погледот од неговиот весник.

Облечена во црвено и сребрено, таа произведуваше звук и слика на противпожарни машини како урлаат низ улиците на Њујорк, очајнички предупредувајќи го срцето на катастрофа; целата облечена во црвено и сребрено, разорувачко црвено и сребрено, пробивајќи си го патот низ сетилата. Првиот пат кога погледна во неа, тој почувствува; *сè ќе гори*.

Надвор од црвеното и сребреното и од долгиот плач на алармот за поетот којшто преживува во луѓето, како што детето преживува во него; за овој поет таа неочекувано постави скала среде градот и нареди: „Качувај се!“

Кога таа се појави, беспрекорната подреденост на градот го покажа патот кон оваа скала, поканувајќи некого да се качи по неа. Скалата стоеше исправена во просторот исто онака како што стоеше и онаа на баронот Минхаузен, којашто водеше кон небото.

Само што нејзината скала водеше кон оган. Тој повторно ја погледна намуртено. Таа не можеше да стои мирно. Зборуваше континуирано без престан со возбуда која ја оставаше без здив, како да се плашеше од тишината. Седна како да нема намера да седи долго време; и, кога се поткрена за да купи цигари, таа повторно копнееше да се врати на своето столче. Нетрпелива, на штрек, претпазлива, како да е во опасност да биде нападната, неспокојна и проникли-

ва, пиеше набрзина; се смееше толку слатко што тој дури и не беше сигурен дали тоа навистина е насмевка; таа само делумно го слушаше она што ѝ се зборуваше; и дури и кога некој во барот се подаваше кон неа и во исто време извикуваше име во нејзина насока, таа во првиот момент не одговараше, како тоа да не беше нејзиното сопствено име.

„Сабина!“, викаше човекот од барот, наведнувајќи се опасно кон неа, но притоа не губејќи ја потпората од задниот дел на своето столче, плашејќи се да не падне.

Некој друг, поблиску до неа, учтиво го повтори нејзиното име, коешто таа конечно го осозна како свое. Во овој момент, детекторот за лаги го отфрли колебањето што во него го беа предизвикале ноќта, гласот, средството за спиење и нејзиното присуство, па констатираше дека таа се однесува како некој што ги има сите симптоми на вина: начинот на кој таа гледаше во вратата од барот, како да го чека најсоодветниот момент за да го изведе своето бегство; нејзиниот неповрзан и претходно неподготвен говор; нејзините чудни и ненадејни движења неповрзани со самиот нејзин говор; хаосот во нејзините фрази; нејзината ненадејна, мрзелива молчаливост.

Бидејќи пријателите кои се движеа кон неа седнаа до неа, а потоа се оддалечија одејќи кон други маси, таа беше присилена да го подигне својот глас, обично тивок, за да биде слушната над меланхоличниот блуз.

Таа зборуваше за забава на која се беше случил нејасен инцидент, матни сцени од кои детекторот за лаги не можеше да препознае дали се работи за хероина или пак за жртва; раскажуваше прекинат сон,

полн со празнини, пресврти, отстапувања, и галопирачки фантазии. Таа сега беше во Мароко во посета на бањи со жени од месното население, делејќи го нивниот камен, и притоа учејќи од проститутките како да си ги обои очите со келераба од пазарот. „Тоа е прав од келераба, и ти го ставаш директно во окото. На почетокот пече и тебе ти се плаче; но потоа се шири на очните капаци, па така се добива сјаен, како јаглен црн раб околу очите“.

„Ти, никогаш не си добила инфекција?“, запраша некој од нејзината десна страна, кого што детекторот за лаги не можеше јасно да го види, нејасна личност на која таа не се осврнуваше дури и кога одговори: „Ох, не, проститутките ја осветуваат келерабата во џамија“. И потоа, кога сите се насмеаја на ова, иако таа не го сметаше за смешно, и таа се насмеа со нив; а сега тоа изгледаше како да сѐ што имаше кажано беше запишано на голема табла, па таа зеде сунѓер и сето тоа го поништи со една фраза која предизвика недоумица за тоа кој бил во бањите; или, можеби, ова беше приказна којашто таа некогаш ја имала прочитано, или слушнато во барот; и веднаш, штом истата ќе се избришеше од мислите на нејзините слушатели, таа започнуваше друга...

Лицата и фигурите на нејзините личности беа само полуисцртани; и, само што детекторот на лаги ќе започнеше да ги препознава, се појавуваше друго лице и фигура, како во сон. И кога ќе поверуваше дека таа зборува за жена, излегуваше дека не станува збор за жена, туку за маж; па, кога сликата за мажот ќе започнеше да се формира излегуваше дека детекторот за лаги не беше слушнал правилно: се работеше за млад маж кој личеше на жена и кој некогаш во-

дел грижа за Сабина; притоа овој млад маж веднаш се преторуваше во група луѓе кои пак некогаш, во некоја ноќ, ѝ предизвикале чувство на пониженост.

Тој не можеше да ја следи низата на луѓе коишто таа ги сакала, ги мразела, од кои избегала, а уште помалку да биде во тек со промените на нејзиниот изглед преку фразите од типот, „тогаш мојата коса беше руса“, „тогаш бев мажена“, како и кој ли беше оној којшто беше заборавен или заведен; и кога во очај тој се држеше за повторувањето на одредени зборови, тие со повторувањето не успеваа кај него да создадат никаква претстава, слика, освен апсолутна контрадикторност. Зборот „актерка“ се повторуваше најупорно; но детекторот за лаги, по многу часови детектирање, не успеваше да открие дали таа беше актерка, само сакала да биде, или пак само се преправа дека е.

Беше притисната од исповедничка треска којашто ја присилуваше да тргне дел од превезот, а потоа се преплашуваше кога некој ја слушаше премногу внимателно.Таа брзо земаше огромен сунгер и бришеше сѐ што дотогаш беше кажала со апсолутно порекнување, како оваа нејзина внатрешна конфузија да беше некаква заштитна наметка.

Во првиот момент таа придобиваше и внесуваше некого во нејзиниот свет; потоа, таа ги замаглуваше премините, правејќи конфузија во приказните, со цел да го избегне разоткривањето.

Зората којашто се појавуваше на вратата ја замолча. Таа ја притегна својата наметка околу рамената како да се работи за последна закана, најголемата од сите непријатели. Сѐ до зори таа нема да изусти ниту еден возбудлив, нетрпелив говор. Налутено зјапаше,

и го напушти барот.

Детекторот за лаги тргна по неа.

Пред да се разбуди, темните очи на Сабина со тешка светлина на скапоцен камен засветкаа низ процепот на очните капаци со чиста темно зелена боја, со сјај на берил, сè уште незагреани од нејзината трескавичност.

Потоа за момент таа беше будна, сосема свесна.

Таа не се будеше постепено, разуздана и со верба во новиот ден. Штом нејзината свест ќе регистрираше некаков звук или пак светлина, опасноста веќе беше во воздухот и таа се подготвуваше да се соочи со нејзините удари.

Нејзиниот прв израз на лицето беше напнатост, а не убавина. Токму како што анксиозноста ѝ ја истиснуваше јачината од телото, таа исто така на изразот на лицето му даваше колебливост, плашливост, неодреденост, што не беше убавина како онаа кога си исфрлен од рамнотежа.

Тоа што таа се трудеше бавно да го направи со почетокот на новиот ден беше нејзиното сопствено фокусирање, стремеж да ги усогласи телото и умот. Тоа го направи со напор, како да сите поништувања и распрснувања на самата себе од минатата ноќ беше тешко повторно да се состават. Таа беше како актерка којашто мораше да го намести изразот на лицето и однесувањето за да го пресретне денот.

Моливот за веѓи не беше само за русите веѓи да се нагласат со јагленот, туку да им се даде изглед неопходнен за да се избалансира хаотичната асиметрија. Шминката и пудрата не беа само едноставно нанесени за да се нагласи порцеланската текстура, за да се збришат нееднаквите и рапави отоци предизвикани

од спиењето, туку и за да се измазнат острите бразди создадени како резултат на ноќните кошмари, за повторно да се оформат контурите и размачканите површини од образите, за да се избришат контрадикторностите и конфликтите коишто ја затегнуваат јаснотијата на линиите на лицето, нарушувајќи ја чистотата на неговите форми.

Таа мора повторно да го дизајнира лицето, да ги измазни загрижените веѓи, да ги одвои искршените клепки, да ги измие трагите од скриените внатрешни солзи, да ја нагласи устата како платно за сликање, за да може да ја задржи својата раскошна насмевка.

Внатрешниот хаос, како тие тајни вулкани коишто одеднаш ги подигаат средените бразди од мирновременски изораните полиња, чекајќи зад сите неправилности на лицето, косата и костумот, бразда преку која ќе експлодираат.

Тоа што таа сега го виде во огледалото беше заруменето, чисто лице, насмевка, мазност, убавина. Повеќето преземени активности за сталоженост и лукавост само делумно ги намалија нејзините грижи; сега кога се чувствуваше подготвена да зачекори во новиот ден, се појави нејзината вистинска убавина, којашто дотогаш беше лита и исполнета со вознемиреност.

Таа ја одмеруваше својата облека со истата строгост за можните надворешни опасности како што го испитуваше и новиот ден кој штотуку влезе низ нејзините затворени прозорци и врати.

Верувајќи во опасноста која се шири од предметите како и од луѓето, кој фустан, кои чевли, кое палто бараше помалку од нејзиното испаничено срце и тело? Предизвик исто така беше и костумот, дисциплина, стапица којашто еднаш усвоена може да влијае на актерот.

Таа заврши избирајќи фустан со дупка на неговите ракави. Последниот пат кога го носеше, стоеше пред ресторант којшто беше многу луксузен, во кој се исплаши да влезе, но наместо да каже: „Јас сум исплашена да влезам овде“, таа рече : „Јас не можам да влезам овде со дупка на мојот ракав“.

Таа ја одбра својата наметка којашто изгледаше позаштитничка, пообвиткувачка.

Исто така наметката во својот набор задржа нешто за што таа сметаше дека е квалитет кој ексклузивно го поседуваат мажите: некаков елан, некаква одважност, некакво перчење и расфрлање со слободата, она коешто на жената ѝ е забрането.

Провокативните движења на тореадорот, размавтаниот бајрак на победата на некој средовечен коњаник, едро развиорено во потполна колизија со ветрот, штитот за лицето на воинот за време на војна, сето ова таа го почувствува во моментот кога ја стави наметката околу своите рамена.

Распослана, наметката беше кревет за номади, истата пак развиорена беше знаме на авантурата.

Сега таа беше облечена во костум којшто е најсоодветен за летови, борби, натпревари.

Завесата на ноќната незаштитеност се креваше за да ја открие подготвената личност.

Подготвена, рече огледалото, подготвена рекоа чевлите, подготвена, рече наметката.

Таа застана размислувајќи за себе, подготвена за немирна и недоверлива средба со животот.

Таа не беше изненадена кога погледна низ прозорецот и кога го виде човекот кој ја следеше како стои на аголот и се преправа дека чита весник.

Тоа не беше изненадување, затоа што тоа беше материјализација на чувството коешто таа го познаваше од многу одамна: она чувство на Око кое ја надгледуваше и следеше во текот на целиот нејзин живот.

Таа чекореше долж осумнаесеттата улица кон реката. Се движеше со непостојан ритам, како некој којшто не диши длабоко, со долги чекори наведната нанапред како да се трка.

Тоа беше улица на која по целата должина имаше изградено гаражи за камиони. Во овој период од денот се отвораа тешките железни лизгачки врати и огромните камиони се придвижуваа, заматувајќи го сонцето. Нивните тркала беа големи колку што беше и Сабина.

Тие се редеа толку блиску еден до друг што таа повеќе не можеше да ги види ниту улицата ниту пак куќите од спротива. На нејзината десна страна направија ѕид од пулсирачки мотори, и нивните тркала започнаа да се движат. На левата страна пак се отвораа повеќе врати, повеќе камиони бавно напредуваа како да сакаат да ја проголтаат. Тие настапуваа застрашувачки, нечовечки, толку високи што таа не можеше да ги види возачите.

Сабина почувствува дека целото нејзино тело се склупчува, и како што телото се собираше под дејство на вревата, камионите ѝ изгледаа уште поголеми, станувајќи монструозни, а вртењето на тркалата неконтролирано. Таа се почувствува како дете во енормно големиот свет на заканувачки ѕверови. Таа ги почувствува нејзините кревки коски во нејзините сандали. Се почувствува кревко и кршливо. Се почувствува обземена од опасност, од механичкото зло.